Групацијата *LIBERTY Steel Group*, како дел од *GFG Alliance*, е глобална компанија за челик и рударство со над 30.000 вработени на повеќе од 200 локации на четири континенти. Тоа е меѓународен бизнис со интегрирана понуда - од производство на течен челик направен од суровини и рециклирани материјали до челици со голема прецизност и придружни услуги, достапни за клиенти ширум светот.




Либерти Скопје, како дел од Либерти Стил Групацијата, е еден од најголемите производители на челични производи на Балканот и нуди ладновалани, поцинкувани и пластифицирани производи, главно за сегментот на општа индустрија на регионалниот пазар. Ние веруваме дека нашата позиција во челичната и рударската индустрија носи уникатни можности.

За потребите на нашето производство, односно тимот за **Електро одржување**, ги покануваме сите заинтересирани лица да аплицираат за следната позиција:

# Електричар (Електро одржување)

## Клучни одговорности:

- Врши демонтажа, поправка и монтажа на електрични компоненти и делови
- Врши тековни и превентивни прегледи на машините
- Внимава на состојбата на опремата во поглед на електрична исправност и поставеност
- Активно учествува во отстранувањето на дефекти од електро природа кои настануваат на машините
- Изведува електрични инсталации
- Врши промена на утикачи и утикачни кутии, промена на сијалици, осигурувачи, контрола на температура на лежаи на мотори, контрола на температура на трансформатори, контрола на ниво на уље, чистење на електрични мотори, нисконапонски табли и друга електрична опрема
- Активно учество во плански санации и ремонти на машините

## Личен профил:

- ССС
- Со или без работно искуство
- Можност за работа во смени
- Строго почитување и примена на стандардите за Здравје и Безбедност при работа

Напомена: Во согласност со законот за заштита на лични податоци со самото испраќање на Вашата апликација ние ќе ги обработуваме Вашите лични податоци како преддоговорна активност или, доколку се согласите ќе ги чуваме во нашата база на кандидати. Вие можете да ја повлечете Вашата согласност во секое време со испраќање на барање  на електронската пошта: HRJobs.Skopje@libertysteelgroup.com